## MODU MOBILE



Компанијата "Modu" од Израел, основана во 2007 година, на пазарот ќе го понуди најтенкиот мобилен телефон на светот "Mobu mobile", тежок 40 грама, долг 72 и широк 37 милиметри. Иако е многу мал, овој мобилен телефон ги поседува сите функции како било кој софистициран мобилен телефон - можност за снимање, Bluetooth, MP3 pleer, како и еден гигабајт меморија. Како што пренесуваат француските медиуми, овој телефон веќе го порачале италијанскиот мобилен оператор "Telecom Italia", рускиот "BiLie", како и израелскиот "Cell-com". Апаратот ќе биде испорачан во октомври годинава.




## LG KF510



"LG Electronics" официјално го објави глобалното лансирање на моделот KF510, со екстремно тенко куќиште и функционален дизајн. Кај овој модел, особен новитет се градациите на бојата - опција која прв пат се користи кај мобилен телефон. Неговите идни сопственици ќе можат да го набаваат во две варијанти на бои - темносива и црвена, со целосно метално куќиште. LG KF510 има дебелина од само 10.9 милиметри, а освен стилскиот дизајн овој телефон е богат и со можности. Камерата е со резолуција од 3 мегапиксели, а напредниот MR3 плеер овозможува подредување на песните во плеј листи според категории.

